СМРТ НА ФАШИЗМОТ - СЛОБОДА НА НАРОДОТ

СЛУЖБЕН ЛИСТ

НА ФЕДЕРАТИВНАТА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ" излегува два пати неделно. — Ракописите не се враќаат. — Огласите по тарифата. — Чековна сметка Nr. 62324. — Поштарина платена во готово.

Вторник, 4 јуни 1946
БЕЛГРАД
БРОЈ 45 ГОД. II

Цена на овој број е 6.— дин. — Претплата за прво полугодиште 1946 год. дин. 350.— а за цела 1946 год. дин. 650.— Редакција: Бранкова бр. 20. — Телефон 28-838

302.

УКАЗ

На основа членот 74 точка 6 Уставот Президиумот на Народната скупштина на ФНРЈ го прогласува Законот за општодржавниот стопански план и државните органи за планирање, што го донеле Сојузното веќе и Већето на народите на Народната скупштина на ФНРЈ, а кој гласи

ЗАКОН

ЗА ОПШТОДРЖАВЕН СТОПАНСКИ ПЛАН И ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ

Општи одредби

Член 1

Со општодржавниот стопански план државата одредува правец на развитокот на целокупното народно стопанство или на поедини негови гранки во цел на заштита животните интереси на народите, подигање народната благосостојба, правилното искористување и развивање сите стопански возможности и сили во Федеративната Народна Република Југославија.

Општодржавен стопански план се донесува за подолг временски период — перспективни, долгорочен план, или за година дена, односно за покус временски период — текукји план.

Член 2

Општодржавниот стопански план ги обвакја основните стопански планови на сите гранки на државната управа, претпријатија и установи кои што стоат под непосредна управа на сојузните органи, а покрај тоа ги обвакја во главните поставки стопанските планови на народните републики, автономните покраини, автономните области и административно-територијалните единици.

Член 3

Перспективни и текукји општодржавни стопански планови имаат сила на закон и се обвезни на целото подрачје на Федеративната Народна Република Југославија за сите државни органи, за државни и кооперативни стопански претпријатија и установи, како и за стопански претпријатија и установи на останатите јавно-правни тела.

На основа општодржавниот стопански план државните органи одредуат стопански мерки и спроводуат контрола над приватниот сектор на стопанството.

Државни органи за подготвување и изработување општодржавен стопански план

Член 4

Највисок државен орган за подготвување и изработување општодржавниот стопански план е Сојузната планска комисија.

Сојузната планска комисија се состои од претседател, еден или повеќе потпретседатели и потребен број членови.

Претседателот на Сојузната планска комисија е член на Владата на ФНРЈ.

Потпретседателите и членовите на комисијата ги поставува Владата на ФНРЈ по предлог на претседателот на комисијата.

Член 5

Во надлежност на Сојузната планска комисија спаѓа:

1) подготвување, изработување и поднесување на Сојузната влада перспективни и текукји општодржавни стопански планови;

2) разгледање нацрти на перспективните и текукјите стопански планови на народните републики и нивното усогласување со општодржавниот план;

3) грижа да се преку државните стопански планови обезбеди правилна сразмера во развитокот на поедини стопански гранки и правилно разместување на производните сили во земјата;

4) разгледање производните програми и плански нацрти на министерствата и на комитетите на Сојузната влада, на другите сојузни установи и претпријатија;

5) координација на целокупната служба за планирање на подрачјето на Федеративната Народна Република Југославија;

6) проверавање за извршувењето на сите стопански планови и предлагање мерки на надлежните органи поради нивното правилно извршување;

7) раководство со статистичката служба во цел на збирање и обработување податоците потребни за општа евиденција како и за составање и проверавање плановите;

8) проучување и обработување стопанските планови на земјата и предлагање потребни мерки на Владата на ФНРЈ;

9) организирање истражувачката дејност и унапредување економското и техничкото знаење и искуство;

10) ширење начела и методи на планирањето кај широките народни маси и нивното привлекување во активно учествување во составување и извршување планот;

11) подготвување стручни кадрови потребни за планирање и статистика.

Член 6

Претседателот на Сојузната планска комисија издава правилници, наредби и решења на основа сојузните закони, уредби, напатствија и наредби на Сојузната влада, како и поради нивното спроведување.

Одлуките на Сојузната планска комисија ги потпишува претседателот.

Член 7

Сојузната планска комисија може за извршување своите задачи да има одделенја, отсеци како и посебни установи и институти.

Поблиски одредби за организација на Сојузната планска комисија донесуе Владата на ФНРЈ.

Член 8

Државниот статистички уред е орган на Сојузната планска комисија, кој што по нејзините прописи и напатствија раководи со сите работи на статистиката и статистичката евиденција во земјата.

Член 9

Министерствата и комитетите на Владата на ФНРЈ поднесуат на Сојузната планска комисија нацрти на стопански планови за гранката на управата со која што раководат.

Член 10

Сите државни органи и установи, како и сите државни, кооперативни и приватни претпријатија се должни да ги дадат на Сојузната планска комисија сите податоци и обавестувања во врска со изработувањето и остварувањето државните стопански планови.

Член 11

Државните органи за подготвување и изработување стопанските планови на народните републики, автономните покраини, автономните области и административно-територијалните единици се планските комисии на владите на народните републики, на извршните одбори на автономните покраини, на автономните области, на областите, на окрузите и околиите, односно градовите.

Член 12

Стопанските министерства на Владата на ФНРЈ и на народните републики и останатите стопански установи и претпријатија за кои општодржавниот стопански план е обвезан имаат свои органи за планирање, кои што работат по напатствијата на надлежните планови комисии.

Поблиски одредби за должностите и задачите на поедини органи на државната управа во поглед на подготвување, изработување, остварување и контрола на извршувањето на општодржавните стопански планови ќе се пропише со уредба на Владата на ФНРЈ.

Член 13

Претседателот на планската комисија на народната република е член на владата на народната република, претседателот на планската комисија на автономната покраина е член на главниот извршни одбор, претседателот на планската комисија на автономната област е член на обласниот извршни одбор, а претседателите на комисиите во административно-територијалните единици се членови на соодветните извршни одбори.

Член 14

Планските комисии на народните републики, автономните покраини, автономните области и административно-територијалните единици вршат покрај работите на планирањето од надлежноста на народните републики, автономните покраини, автономните области и административно-територијалните единици и работи од сојузна надлежност во врска со општодржавниот стопански план, на основа правилниците, напатствијата, наредбите, решенијата и наредувањата на Сојузната планска комисија.

Член 15

Планските комисии на народните републики, на автономните покраини, автономните области и административно-територијалните единици се должни нацртите на стопанските планови за своето подрачје да ги поднесуат на претходна согласност на повисоката планска комисија.

Планските комисии на градските, околиските и окружните народни одбори, на автономните области и автономните покраини, покрај тоа што работат по напатствијата на своите извршни одбори, се одговорни на повисоката планска комисија во поглед спроведувањето стопанските планови донесени од повисокиот државен орган.

Член 16

Сојузната планска комисија има право да предложи на Сојузната влада да ги поништи или укине актите и стопанските мерки на членовите на Владата на ФНРЈ, односно на членовите на владата на републиката или да ги обустави актите и стопанските мерки на владите на републиките, ако се во противност со донесениот општодржавен стопански план.

Член 17

Во неодложните случаи Сојузната планска комисија или планската комисија на народната република може да ги обустави актите и стопанските мерки на главниот извршни одбор на автономната покраина, обласниот извршни одбор на автономната област и на извршните одбори на административно-територијалните единици, како и стопанските мерки на државните, кооперативните и другите јавноправни и приватни претпријатија ако се во противност со општодржавниот стопански план односно со стопанскиот план на народната република, до одлука на надлежното сојузно министерство, односно на министерството на републиката.

Член 18

Сојузната планска комисија може да има свои делегати кај сите планови комисии и органи за планирање на установите и претпријатијата.

Делегатите на Сојузната планска комисија се овластени да помагаат во составање планот, да собираат податоци и да ги испрашуваат условите за подготвување и спроведување планот.

Член 19

Смерниците, напатствијата и решенијата на Сојузната планска комисија, односно на нејзиниот претседател, во поглед на еднообразноста на формите и методите на планирање се обвезни за сите планови комисии и органи за планирање.

Донесување општодржавен стопански план

Член 20

Општодржавен перспективни стопански план донесуе Народната скупштина на ФНРЈ, по предлог на Владата на ФНРЈ.

Владата на ФНРЈ преку своите уредби донесуе општодржавни текукји стопански планови на основа и во рамка на општодржавниот перспективни стопански план и во текот на неговото остварување.

Владата на ФНРЈ може да донесуе текукји стопански планови и пред донесувањето на перспективниот стопански план.

Член 21

На основа општодржавниот стопански план и поради неговото остварување, надлежните министерства на владата на ФНРЈ, како и установите и претпријатијата од општодржавно значење донесуат свои подробни стопански планови.

Член 22

Народните скупштини на републиките, донесуат во рамка на општодржавниот перспективни стопански план перспективни стопански планови на народните републики.

Народната скупштина на автономната покраина, односно народниот одбор на автономната област донесуат перспективни стопански план за своето подрачје на основа и во рамка на перспективниот стопански план на народната република.

Народните одбори донесуат перспективни стопански планови за своите подрачја на основа и во рамка на перспективните стопански планови на народните републики, автономните покраини, односно на автономните области.

Член 23

Владите на народната републики донесуат текукји стопански планови на народната република во рамка на текукјите стопански планови на Федеративе

ната Народна Република Југославија и на перспективните стопански планови на народната република.

Главниот извршни одбор на автономната покраина и извршниот одбор на автономната област донесуат текукји стопански планови за своето подрачје во рамка на текукјите стопански планови на народната република и на перспективните стопански планови на автономната покраина односно автономната област.

Извршните одбори на административно-територијалните единици донесуат текукји стопански планови на основа и во рамка на текукјите стопански планови на народната република, автономната покраина, односно област и на перспективните стопански планови на тие административно-територијални единици.

Член 24

Овој Закон влегуе во сила на осмиот ден по објавуењето во „Службениот лист на Федеративната Народна Република Југославија."

У. бр. 294
25 мај 1946 година
Белград

Президиум на Народната скупштина на Федеративната Народна Република Југославија

Секретар,
Миле Перуничиќ, с. р.

Претседател,
др. Иван Рибар, с. р.

303.

У К А З

На основа членот 74 точка 6 Уставот Президиумот на Народната скупштина на Федеративната Народна Република Југославија го прогласуе Законот за заштита авторското право, што го донеле Сојузното векје и Векјето на народите на Народната скупштина на ФНРЈ, а кој гласи

З А К О Н

ЗА ЗАШТИТА АВТОРСКОТО ПРАВО

Општи одредби

Член 1

Литературните, уметничките и научните дела на државјаните на Федеративната Народна Република Југославија, се под особена заштита и грижа на државата, било да се објавени во земјата или во иностранство или воопшто да не се објавени.

Како дела на нашите државјани се заштитени и порано необјавени дела на странски државјани кои што за прв пат се објавуат во Федеративната Народна Република Југославија.

Државата ги штити, такугјере, законските права на авторите на тие дела.

Член 2

Под литературно, уметничко и научно дело се подразбират сите творби од областа на литература, уметност и наука, без оглед на начин и облик на изразуењето, како: книги, брошури, статии и ракописи; предавања, говори и сл.; драмски, драмско-музички, кореографски и пантомимски дела; музички дела; дела од областа на сликарство, архитектура, вајарство, графика, литографија и сл.; илустрации; кинематографски и тонфилмски дела; географски карти; планови, скици, и класични дела што се однесуат на наука, географија, типографија, архитектура; уметнички фотографски дела и тн.

Член 3

Како уметнички дела се заштитени со овој закон и сите врсти на народните уметнички творби.

Државата е законити носител на авторските права на сите народни уметнички творби.

Со това не се спречуе слободна употреба на народните уметнички творби во цел на уметничко односно научно обработуење.

Авторот на уметничко или научно дело создадено со употреба на народните уметнички творби е носител на авторското право на така создадено дело.

Член 4

На авторот на литературно, уметнички и научни дела му припагја во смисла одредбите на овој закон:

а) право на објавуење, преработуење, репродукуење, приказуење, изводуење и преводуење своите дела;

б) право на материална накнада, ако објавуењето, преработуењето, репродукуењето, приказуењето, изводуењето и преводуењето на тие дела ги врши друго лице или државата;

в) право на признавање да е творец на делото, како и право да не дозволуе макар какво менување и недостојна употреба на своите дела, макар од кого довогјала.

Член 5

Автор на делото е оној кој го создал делото.

Авторското право на дело створено со соработуачка на двајца или повекје лица (коавтори) им припагја како неделиво на сите коавтори, без оглед да ли делото претставуе една неделива целост. Мегјусобните односи на коавторите се одредуат со договор.

Секој коавтор го задржуе самостојното авторско право на својот принос, ако тој има самостојна литературна, уметничка или научна вредност и ако со мегјусобен договор не е инаку одредено.

Член 6

Независно од правата на творецот на оригиналното дело, се заштитени правата на авторот на преводите, прилагодуењата, преработките и репродукциите на оригиналните дела, како и изработките на збирки на тие дела, доколку се извршени со дозвола на авторот на оригиналните дела предвидени со овој закон.

Авторско право на целокупното дело или на поедини негови делови може да се пренесуе на други физички и правни лица, во целост или делумично и тоа најдолго за десет години.

Договорите за пренос авторските права мораат да се заклучат писмено со точно означуење природата и условите за користење авторското право.

Авторско право како такво не може да биде предмет на извршуење, туку тоа може да биде само имотна корист која се добива на основа на него.

Член 8

Ако авторот на делото не е носител на авторското право, државата има право во општ интерес да ги превземе на себе правата на авторот од точ. а) и б) чл. 4 на овој закон, исплатуејќи на дотогашниот носител на авторското право правична накнада.

Одлуката за превземање авторски права од страна на државата ја донесуе за делата од национално значење за народите на поедини народни републики министерот за просвета на народната република, а за делата кои што се заедничко културно добро на сите народи на Федеративната Народна Република Југославија, Комитетот за култура и уметност при Владата на ФНРЈ.

Споменатите органи ја одредуат височината на накнадата на дотогашниот носител на авторското право, против које што истиот може да се жали на врховниот суд на народната република, односно на Врховниот суд на ФНРЈ.

Траење на авторското право

Член 9

Авторското право го ужива авторот на делото по правило до крајот на својот живот.

После смртта на авторот на делото ова право го ужива неговата жена до својата смрт, односно до премажување, и неговите деца до навршени 25 години живот, а ако се неспособни за заработување, додека траје таа неспособност.

Ако авторското право не го уживаат жената и децата во смисла одредбата на претходниот став, го уживаат родителите до својата смрт, односно внучињата до навршени 25 години живот, ако авторот ги издржавал, односно дедото и бабата на авторот до својата смрт.

Член 10

Правото на авторот и на неговите правни следбеници на фотографски и на кинематографски дела доколку имаат карактер на фотографски дела трае пет години; на периодични публикации, алманаси, антологии и сл. 15 години и тоа како правото на уредникот на целото издање, така и правото на соработникот на поедини работи прв пат објавени во тоа дело.

Роковите од претходниот став на овој член се сметаат од 1 јануари на годината во која делото е објавено.

Член 11

По истекот на времето од чл. 9 и 10 на овој закон авторското право преминува како општонародна својина на државата.

Објавуење, преработуење, репродукуење, приказуење, изводуење и преводуење

Член 12

Без дозвола на носителот на авторското право забрането е објавуење и умножуење литературни, уметнички и научни дела.

Наследниците на авторот немаат право да ускратат објавуење, јавно изводуење и приказуење литературни, уметнички и научни дела, али имаат право на праведна накнада.

Член 13

Преработуење на делото на друго лице во нов не можат да бидат преработуени литературни, уметнички и научни дела.

Преработуење на делото на друго лице во нов литературни или уметнички облик битно различит од првиот (драматизација и сл.) може да се врши само по пристанување на носителот на авторското право и со очувуење идејното значење и нивото на оригиналното дело.

Не е допуштена преработка, адаптација, музички аранжман и сл., кога тоа не е ништо друго но репродукција на оригиналното дело или унаказуење изворното дело во духот и стилот.

Член 14

Можат, се давање соодветна накнада на авторот, и без негова дозвола да се приказуат и изводат драмски, музички, драмско-музички, кинематографски, пантомински, кореографски и слични дела, ако тие дела се веќе објавени.

Авторот има право да не дозволуе недостојно изводуење и приказуење на своето дело.

Под објавени дела треба во смисла на овој закон да се подразбират издадени дела.

Член 15

Делата на државјаните на Федеративната Народна Република Југославија што излегле во земјата или иностранство, како и делата на странски државјани објавени прв пат во Федеративната Народна Република Југославија, можат да се преводат на други јазици само со дозвола на носителот на авторското право на оригиналното дело.

Како превод во смисла одредбите на претходниот став се смета и преводуење од еден на друг јазик на народите на Федеративната Народна Република Југославија.

Член 16

Не се смета за повреда на авторското право:

1) објавуење и репродукуење помало литературно, уметничко и научно дело или неговите делови, ако се внесуе во некое самостојно научно дело или учебник, или се објавуе, односно репродукуе во цел на обука;

2) изводуење литературно или уметничко дело во цел и во вид на обука;

3) штампање во периодички списанија поедини говори одржани на јавни скупови;

4) објавуење извештаи за литературни, уметнички и научни објавени дела, во кои што содржајот на овие дела се репродукуе на оригинален начин;

5) репродукција во весници и периодични списанија на статии од нелитературен карактер што излегле во весниците и другите периодични списанија под услов таа репродукција да се врши непосредно после првобитното објавуење;

6) репродукција на поедини уметнички фотографии, илустрации, технички нацрти и сл. објавени во весници и други периодични списанија под услов да се врши непосредно после првобитното објавуење;

7) репродукција делата на сликарство со вајарство и обратно;

8) репродукција уметничките дела изложени на улиците и плоштадите, сем ако репродукцијата на вајарското дело е добиена преку отисок од калапот;

9) репродукција вајарските и сликарските дела преку фотографии во весници и списанија сем ако авторот тоа изрично забрануе;

10) излагање делата на јавни изложби, со исклучение оние чие излагање авторот го забранил;

11) репродукуење на веќе објавеното дело извршено во цел на лично усовршуење иако репродукцијата не е наменета и пристапачна на јавноста;

12) репродукција уметничко-занаетчиските дела во изработуење производи на индустриска, занаетчиска или кукјна работност, под услов да му се даде на носителот на авторското право соодветна накнада;

13) Дословно наводуење одломци од објавеното литературно уметничко и научно дело, под услов да наводуењето не изнесуе вкупно повеќе од една третина на делото во кое се врши наводуење.

Член 17

Објавуење, изводуење, репродукција и употреба литературни, уметнички и научни дела од претходниот член нема да се сметат за повреда на авторското право само под услов да на јасен начин се наведуе авторот на оригиналното дело.

Комитетот за култура и уметност при Владата на ФНРЈ, односно министрите за просвета на народните републики ке издаваат поблиски напатствија за тоа која употреба на литературно, уметничко и научно дело нема да се смета за повреда на автор-

ското право во смисла одредбите на претходниот член, како и за това уште во кои случаи, осем случајот по точ. 12 споменатиот член, на авторот ке му припагја право на накнада.

Казнени одредби

Член 18

За повреда авторските права заштитени со овој закон, доколку не претставуе дело потешко казниво спрема одредбите на Кривичниот закон, ке се казни со парична казна до Дин. 20.000.— или со присилна работа без лишуење од слободата до три месеци.

Прашањето за накнада штетата настанала со повредата на авторското право ке се расправа според прописите и начелата на гагјанското право.

Член 19

За дела од ставот 1 од претходниот член и споровите, кои што произлегуат од основа на авторските права е надлежен окружниот суд како суд на прв степен.

Месната надлежност се одредуе според општите прописи на постапката.

Член 20

Право на покренуење спор припагја на носителот на авторското право, односно во негово име на овластеното физичко или правно лице.

Удруженјата на авторите можат и без нарочно полномокјство да покренуат спор и да го застапуат носителот на авторското право пред судовите и органите на државната управа, осем ако авторот на тоа изрично се противи.

Други одредби

Член 21

Ако државата е носител на авторското право (чл. 3, 8 и 11 овој закон), 50% од чистиот приход од тоа право иде во државна каса и ке се употреби за унапредуење културно-уметничкиот живот во земјата, а 50% ке се предава на соодветниот сојуз на југословенските автори поради помагање и обезбедуење културните работници.

Горните проценти на приходот ке се пресметуат по одбиток износот на накнадата што ја дала државата на дотогашниот носител на авторското право, ако делото е откупено во смисла чл. 8 на овој закон.

За овие права се грижат и со нив управуат републиканските министерства за просвета, односно Комитетот за култура и уметност при Владата на ФНРЈ за дела кои ке бидат прогласени значајни за сите наши народи.

Член 22

Удруженјата на авторите се овластени да водат грижа околу остваруењата на авторските права, укажуејќи помош во тој поглед на авторите, односно на носителите на авторските права, и со своите совети и предлози да му помагаат на Комитетот за култура и уметност при Владата на ФНРЈ и на министерствата за просвета на народните републики при организирање и спроведуење заштитата на авторските права која што државата ја врши по овој закон.

Член 23

Со правилници на министрите за просвета на народните републики, а на основа општите напатствија на Комитетот за култура и уметност при Владата на ФНРЈ, ке се донесат прописи за регулирање односите помегју носителите на авторското право и лицата кои ги објавуат, преработуат, репродукуат, приказуат, изводат или преводат литературни, уметнички и научни дела за накнада за секое користење со литературно, научно и уметничко дело и за условите на тоа користење.

Член 24

Автор на литературно, уметничко или научно дело, државјанин на Федеративната Народна Република Југославија може свое дело прв пат да објави во иностранство само ако претходно го понуди на Комитетот за култура и уметност при Владата на ФНРЈ делото да се објави во Федеративната Народна Република Југославија и ако биде одбиен. Во противно губи право на заштита по овој закон, а на случај на лоша намера и поголема штета која поради тоа ке настане по интересите на Федеративната Народна Република Југославија, ке се казни и кривично.

Член 25

Државата има право да забрани објавуење на научни дела ако тоа објавуење би било штетно по интересите на одбрана на земјата, како и да го превземе авторското право на такви дела без оглед кој е негов носител, со тоа на дотогашниот носител на авторското право да му исплати праведна накнада.

Одлуката за забрана на објавуење, превземање авторското право и за височината на накнадата во смисла на претходниот став ја донесуе Владата на ФНРЈ, по предлог на Министерот за народна одбрана.

Член 26

Авторските права на дела од страни државјани се заштитуат во границите на договорите заклучени со односните странски држави.

Член 27

Комитетот за култура и уметност при Владата на ФНРЈ, односно министрите за просвета на народните републики ќе издаваат правилници и напатствија за спроведуење во живот овој Закон.

Завршни одредби

Член 28

Овој закон се применуе и на литературни, уметнички и научни дела што излегле пред негового влегуење во сила.

Член 29

Овој закон влегуе во сила осмиот ден по објавуењето во „Службениот лист на Федеративната Народна Република Југославија".

У. бр. 295
25 мај 1946 година
Белград

Президиум на Народната скупштина на Федеративната Народна Република Југославија

Секретар,
М. Перуничиќ, с. р.

Претседател,
др. **И. Рибар**, с. р.

304.

У К А З

На основа членот 74 точ. 6 Уставот Президиумот на Народната скупштина на ФНРЈ го прогласува Законот за пополнување оружената сила на Федеративната Народна Република Југославија со јавачка, теглечка и товарна стока и со преносни средства, кој што го донеле Сојузното веќе и Већето на народите на Народната скупштина на ФНРЈ, а кој гласи

З А К О Н

ЗА ПОПОЛНУЕЊЕ ОРУЖЕНАТА СИЛА НА ФЕДЕРАТИВНАТА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА СО ЈАВАЧКА, ТЕГЛЕЧКА И ТОВАРНА СТОКА И ПРЕНОСНИ СРЕДСТВА

I — Општи одредби

Член 1

Сета јавачка, теглечка и товарна стока и преносни средства во Федеративната Народна Република Југославија сочинуат составен дел на Југословенската оружена сила.

Овој закон го одредува начинот на пополнувањето на Југословенската оружена сила со јавачка, теглечка и товарна стока и со преносни средства и начинот на нивното употребување во мирно и воено време.

Член 2

Во јавачка, теглечка и товарна стока во смисла на овој закон спагјаат: коњи од сите врсти, мазги, и мулина а по потреба и друга работна стока.

Во преносни средства во смисла на овој закон спагјаат:

а) сточни преносни средства: јавачки, запрежни и товарни прибор и сточни возила со прибор;

б) механички преносни средства: автомобили, трактори, моторцикли и велосипеди од сите марки и системи со прибор, резервни делови и со погонски материјал.

Член 3

Во редовна состојба оружената сила се пополнува со јавачка, теглечка и товарна стока и со преносни средства со набавување во земјата, а по потреба и во странство.

Член 4

Во приправна, мобилна и воена состојба сите државни установи, државни и кооперативни претпријатија, заводи и на т. сл., како и сите други физички и правни лица на територијата на Федеративната Народна Република Југославија должни се да ја стават на оружената сила на располагање јавачката, теглечката и товарната стока и преносните средства.

Од ова се исклучуат:

а) стоката и преносните средства на странските дипломатски и конзуларни лица и установи;

б) стоката и преносните средства одредени за стопанска дејност во државата и за правилното размножување на стоката.

II — Преглед, попис и евиденција на јавачката, теглечката и товарната стока и преносните средства

Член 5

Воено-територијалните органи вршат преглед, попис и евиденција на целокупната јавачка, теглечка и товарна стока и преносните средства кои што се приватна, кооперативна и државна сопственост во земјата во цел на нивното употребување во приправната, мобилната и воената состојба. Тие го контролираат нивното одржување како и нивниот прираст и опагјање. Овие органи се одговорни за мобилизациското пополнување на оружената сила со јавачка, теглечка и со товарна стока и со преносни средства.

Народните одбори се должни да им помагаат на воено-територијалните органи во овие работи и да ги исполнуат сите нивни барања кои што се однесуат на преглед, попис и евиденција на овие средства.

Член 6

Прегледот на јавачката, теглечката и товарната стока и на преносните средства кои што се приватна, кооперативна или државна сопственост (сем воено-државните) се врши во целата земја или на поединиите делови на државната територија секоја година, периодично или кога ќе биде потребно.

Прегледите ги вршат комисии кои ги организираат воено-територијалните органи, а во кои покрај воените лица учествуат и органи на месните односно градските народни одбори.

Член 7

Надлежниот воено-територијален орган им издава на сопствениците на јавачката, теглечката и товарната стока воени сточни исправи, а на сопствениците на механичките возила воени колоки книги.

Член 8

Сопствениците на стоката и на преносните средства кои се утврдени како способни за служба во оружената сила должни се да ги чуваат и одржуат во исправна состојба, така да за одредената воена служба можат во секое време да се употребат.

Член 9

Сопственик, кој ма од кој разлог остане без способна стока или преносни средства, како и лице кое таква стока или преносни средства набави, должни се да за тоа одма, а најдалеку во срок од 15 дена од кога настанала промената, да го известат месниот односно градскиот народен одбор, а овој надлежниот воено-територијален орган.

Член 10

Од оној час кога ќе се нареди приправна состојба, мобилизација, преглед по чл. 6 на овој закон или повик на вежба, никој не смее својата способна јавачка, теглечка и товарна стока и преносните средства да ги отуѓи или намерно да им ја смали способноста.

Член 11

Штабовите, командите, единиците и установите на Југословенската армија водат евиденција и грижа како за воено-државната така и за мобилисаната јавачка, теглечка и товарна стока и за преносните средства кои што се во нивниот состав.

III — Постапка во случај мобилизација, приправна состојба, вежба и маневри

Член 12

Штом се нареди мобилизација сета одредена способна јавачка, теглечка и товарна стока и преносните средства имаат да се соберат во срок и на места кои ги одредуат воено-територијалните органи.

Доведување јавачката, теглечката и товарната стока и преносните средства до одредените места на предавањето треба да се врши организирано и под надзор на претставници на месните односно градските народни одбори.

СЛУЖБЕН ЛИСТ
НА ФЕДЕРАТИВНАТА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

ОГЛАСНИ ДЕО

ВНИМАНИЕ ДО КНИГОВОГЛИТЕ

Редакцијата на „Службениот лист на ФНРЈ" е известена да се млогу претпријатија и книговогји обракјаат на Министерството на финансиите или на надзорните министерства со работите околу валоризацијата поставуејќи прашања на кои може да се најде одговор во „Збирката на прописите за валоризација", која излегла како свеска бр. 35 Збирката на законите.

Збирката на прописите за валоризација ги обвакја сите прописи за валоризација на инвестициите и стоката, за изедначуење ценине на стоката и пресметуење обвезите. Во неја се наогја Законот за валоризација, Напатствието за спроводуење валоризација и за прекнижуење во динари ДФЈ во врска со замена на парите, Законот за регулирање предвоените обвези и Напатствието за нивното спроведуење, прописи за регулирање окупациските обвези, за располагање со побарувањата кај кредитните установи, прописите кои ги регулираат обвезите од основа на осигурањето.

Посебно поглавје е посветено на прописите кои се односат на ценине на стоката која потекнуе од времето преди замената на окупациските новчаници. Овде се наогјат прописите од Уредбата за одредуење ценине и обете обвезни толкуења на оваа Уредба.

Уз текстовите на скоро сите прописи се дадени опширни коментари со исцрпни толкуења и примери за практично решавање и конкретните случаи.

Најпосле, Збирката содржи и еден комплетен книговодствен пример по кој е практично и подробно прикажана книговодствената постапка во едно претпријатие, од хаотична состојба во која се книгите наогјале по замената на парите па до изработувачка валоризационниот биланс за 1945 година, со сите детаљи во постапката валоризацијата на инвестициите и стоката, пресметуењето предвоените окупациски обвези за изедначуење цени на стоката.

Збирката има со прилозите 268 страници и стаје 80.— динари. Може да се добије во сите поголеми книжарници во целата земја или во администрацијата на „Службениот лист", Белград Бранкова ул. 20 со уплата на чековна сметка бр. 62.324.

КОНКУРСИ

ХИГИЈЕНСКИ ИНСТИТУТ КОМИТЕТА ЗА ЗАШТИТУ НАРОДНОГ ЗДРАВЉА ПРИ ВЛАДИ ФНРЈ

Конкурс за пријем лекара у службу Хигијенског института

Хигијенски институт Комитета за заштиту народног здравља при Влади ФНРЈ овим расписује конкурс за пријем четири лекара и то:

1 лекара за хигијену школског и предшколског доба;

1 лекара за хигијену рада;

1 лекара за општу хигијену;

1 лекара за хигијену села и насеља (могу учествовати и архитекти који су се специјално бавили овом граном хигијене).

Лекари који желе да учествују на овом конкурсу поднеће молбе до 1 јула 1946 године Персоналном одељењу Комитета за заштиту народног здравља при Влади ФНРЈ, Булевар Југословенске армије број 16.

Уз молбу таксирану са 10.— динара таксених марака треба приложити уверење народних власти:

да није лишен активног и пасивног изборног права; крштеницу, лекарску диплому, докуменат о држављанству и уверење о досадашњој лекарској служби.

Суделовати на овом конкурсу могу сви лекари држављани Федеративне Народне Републике Југославије, а првенство имају лекари хигијеничари или лекари који су провели најмање 5 година у хигијенској служби пре рата.

Принадлежности ће бити одређене према Уредби о постављењу, унапређењу и пензионисању службеника савезне државне управе.

Бр. 1043. — Из Персоналног одељења Комитета за заштиту народног здравља при Влади ФНРЈ.

К. 3846 2-3

ДРУЖЕСТВА И ЗБОРОВИ

ЛИКВИДАЦИЈА ТРГОВАЧКО-ПРИВРЕДНЕ БАНКЕ У СОКО БАЊИ

Окружни суд у Нишу објављује да је закључком суда Фи бр. 60/46 од 16 маја 1946 године уписана у задружни регистар ликвидација Трговачко-привредне банке а. д. у Соко Бањи под бр. задр. судског регистра на страни 14.

За чланове Ликвидационог одбора уписани су: Светомир Анђелковић, пензионер, Милутин Ђорђевић, трговац и Илија Бојчић, кафеџија, сви из Соко Бање.

Позивају се сви банчини повериоци да се са својим потраживањима обрате банци у року од шест месеци рачунајући од дана последњег објављивања огласа у „Службеном листу".

Посл. бр. 60/46. — Од Окружног суда у Нишу, 16 маја 1946 године. К 3848 1-3

ИЗВОЗНА БАЊКА А. Д., БЕОГРАД

Одржаће свој XXXX редовни годишњи збор акционара на дан **27 јуна 1946 године** у 10 часова пре подне у банчиним локалима на Теразије бр. 5, са овим дневним редом:

1) извештај Управног одбора о раду и рачунима у 1945 години;

2) извештај Надзорног одбора;

3) решавање о поднетим закључним рачунима за 1945 годину;

4) избор два члана за Управни и два за Надзорни одбор; и

5) предлози.

Депоновање акција, односно потврда установа код којих су акције депоноване, врши се на благајни банке до 23 јуна 1946 године закључно. Сваке три акције дају право на један глас.

Упозоравамо акционаре да је за пријављивање и учествовање на збору потребно да поднесу уверење свога рејона да имају изборно право гласа

8 маја 1946 године
Београд

3168 2-3 Управни одбор

ВРАЧАРСКА ЗАДРУГА

Одржаће свој 48 редовни збор акционара **30 јуна 1946 године** у просторијама Врачарске задруге у Београду, Крунска ул. бр. 3 у 10 часова пре подне са овим дневним редом:

1) избор три члана за бројање гласова и оверу записника;

2) извештај Управног и Надзорног одбора о раду у прошлој години;

3) давање разрешнице Управном и Надзорном одбору;

4) измене задругиних правила;

5) предлози акционара ако их буде било;

6) избор чланова за Управни и Надзорни одбор.

Акционари који желе учествовати на збору имају депоновати акције или потврде банака на Задругиној благајни најдаље до 26 јуна 1946 године закључно. Исто тако сваки акционар је дужан, да донесе потврду надлежне власти, да није лишен активног и пасивног бирачког права.

Ако не буде довољан број акција заступљен према чл. 24 правила Задруге, одржаће се други збор у 11 часова пре подне са истим дневним редом и са оноликим бројем акција колико их се буде пријавило.

15 маја 1946 године
Београд

3148 3-3 Управа Врачарске задруге

ЈАДРАНСКО ПОДУНАВСКА БАНКА У БЕОГРАДУ

Позива своје акционаре на XXI (XXXIX) редовни збор акционара, који ће се одржати у недељу **23 јуна 1946 године** у 9 часова пре подне у банчиној згради у Београду, Краља Милана ул. 11 са следећим дневним редом:

1) извештај Управног и Надзорног одбора о раду и закључним рачунима за 1944 годину;

2) решавање о одобрењу закључних рачуна за 1944 годину и о давању разрешнице Управном и Надзорном одбору за рад и закључне рачуне у 1944 години;

3) извештај Управног и Надзорног одбора о раду и закључним рачунима за 1945 годину;

4) решавање о одобрењу закључних рачуна за 1945 годину и давању разрешнице Управном и Надзорном одбору за рад и закључне рачуне у 1945 години;

5) избор чланова Управног одбора;

6) избор чланова Надзорног одбора;

7) евентуални предлози, који су поднети у смислу чл. 17 банчиних правила.

Акционари који желе да учествовују на збору, имају најкасније 6 дана пре збора тј. до закључно 17 јуна ов. год. до 12 часова депоновати своје акције код Јадранско-подунавске банке у Београду или поднети овој банци потврду свог новчаног завода код кога се њихове акције налазе.

Сем тога сваки акционар, који жели присуствовати или бити заступљен на збору са правом гласања мора приликом пријављивања или депоновања акција поднети уверење надлежне власти, да није осуђен на губитак активног и пасивног изборног права.

Ако се на заказани дан и час не јави довољан број акционара, збор ће се одложити, и на дан 30 јуна 1946 године у 9 часова одржати други збор са истим дневним редом и са оноликo акционара колико их буде дошло.

Свака приоритетна акција односно 100 темељних акција дају право на један глас. Број гласова није ограничен.

3141 2-3 Управни одбор.

„БЕОГРАД" БРОДАРСКО БАГЕРСКО А. Д. У БЕОГРАДУ

Одржаће **28 јуна 1946 године** у 10 часова у Београду, Браничевска 2, редован збор акционара са дневним редом:

1) избор деловође и два бројача гласова-оверача записника;

2) извештај Управног и Надзорног одбора са билансом за 1945 годину;

3) разрешница Управном и Надзорном одбору за 1945 годину;

4) избор Управног и Надзорног одбора за 1946 годину;

5) предлози акционара.

Акционари, који желе да учествују на збору треба да депонују акције до 20 јуна 1946 године у Браничевској број 2 у Београду.

3169 2-3 Управа

СВИЛАЈНАЧКО ИЗВОЗНО И УВОЗНО ДРУШТВО А. Д. (ПРЕЋЕ БАНКА У СВИЛАЈНЦУ)

Одржаће своју трећу годишњу скупштину акционара на дан **30 јуна 1946 године** у 9 часова пре подне у своме локалу, са следећим дневним редом:

1) конституисање збора;

2) читање и примање извештаја Управног и надзорног одбора о раду и рачунима за 1945 годину заједно са билансом о спроведеној валоризацији;

3) решавање о ликвидацији друштва и бившег банкарског посла;

4) избор три члана за ликвидациони одбор;

5) предлози и питања ако их буде.

Акционари, који желе да присуствују скупштини, имају депоновати акције или потврде на благајни овога друштва, најдаље до 27 јуна 1946 године закључно. Исто тако сваки акционар дужан је да донесе потврду надлежних власти, да није лишен активног и пасивног бирачког права.

3172 2-3 Управа

„ДУНАВКА" ФАБРИКА ТЕСТА А. Д. ЗЕМУН

Позива акционаре на годишњи збор који ће се одржати у друштвеној канцеларији у Београду, Кнеза Павла 4, на **дан 27 јуна 1946 године** у 10 часова пре подне са следећим дневним редом:

1) конституисање збора;

2) читање извештаја Управног и Надзорног одбора са завршним рачунима за 1945 годину;

3) давање разрешнице Управном и Надзорном одбору;

4) избор чланова за Управни и Надзорни одбор;

5) евентуалије.

Позивају се акционари да депонују акције друштвеној благајни најдаље на три дана пре збора.

3171 2-2 Управа

ХЕМИСКО-ФАРМАЦЕУТСКИ ЛАБОРАТОРИУМ „ЗДРАВЉЕ" А. Д. У БЕОГРАДУ

Позива своје акционаре на редовни годишњи збор који ће се одржати у недељу **23 јуна 1946 године** у **11 часова** пре подне у друштвеним просторијама Балканска ул. бр. 30 са овим дневним редом:

1) избор деловође и два оверача записника, који су и бројачи гласова;

2) читање извештаја Управног и Надзорног одбора о прошлој 1945 години;

3) читање биланса за 1945 годину;

4) давање разрешнице Управном и Надзорном одбору за рад и рачуне 1945 године;

5) бирање чланова Управног и Надзорног одбора;

6) решавање о ликвидацији друштва и

7) евентуалије.

Београд, 14 маја 1946 године.

3142 3-3 Управа

ВРАЧАРСКА БАНКА А. Д. У БЕОГРАДУ

Одржаће III редовни збор својих акционара на дан **30 јуна 1946 године** у 10 часова пре подне, у своме локалу у улици Кр. Фердинанда број 8, сада Књ. Милоша 8, у Београду, са овим дневним редом:

1) бирање деловође збора и три члана за потписивање записника и бројање гласова;

2) читање извештаја Управног одбора Врачарске банке а. д. о раду са билансом за 1945 годину и извештај Надзорног одбора за 1945 годину;

3) решавање о поднетим извештајима и давање разрешница Управном и Надзорном одбору Врачарске банке а. д. за рад и рачуне за 1945 годину;

4) предлози;

5) бирање три члана за Управни одбор и три члана за Надзорни одбор.

Акционари, који желе учествовати на овоме збору, морају депоновати код Врачарске банке а. д. своје акције или потврде банака закључно са 26 јуном 1946 године. При депоновању уверењем надлежне власти доказати, да није акционар лишен политичких и грађанских права.

22 мај 1946 године
Београд

3167 2-3 Управа

БЕОГРАДСКА ЗАЛОЖНА БАНКА А. Д.

Одржаће **29 јуна 1946 године** у 11 часова у свом локалу Коларчева 5, XXXIX редовни збор акционара са овим дневним редом:

1) избор деловође и три акционара за бројање гласова и оверавање записника;

2) извештај Управног и Надзорног одбора о раду и рачунима за 1945 годину;

3) примање извештаја и давање разрешнице Управном и Надзорном одбору;

4) решавање о предлозима управиних или појединих акционара;

5) избор четири члана за Управни и једног члана за Надзорни одбор.

Депоновање акција вршиће се на банчиној благајни до 25 јуна 1946 године до 12 часова. Акционари су дужни поднети уверење надлежне власти да имају изборно право гласа.

3161 2-3 Управни одбор

ПРИВИЛЕГОВАНО А. Д. ЗА СИЛОСЕ У БЕОГРАДУ

Одржаће у недељу **30 јуна 1946 године** у 10 часова трећи редовни збор акционара, у друштвеним просторијама у Сремској улици бр. 1, са овим дневним редом:

1) избор деловође збора, бројача гласова и оверача записника;

2) извештај Управног одбора о раду и полагању рачуна за 1945 годину;

3) извештај Надзорног одбора;

4) одобравање закључног рачуна и давање разрешнице Управном и Надзорном одбору за рад у 1945 години;

5) избор 1 члана Управног и 2 члана Надзорног одбора;

6) смањење основне главнице смањењем имените вредности акције;

7) измена друштвених правила, и то: чл. 5 о смањењу основне главнице, чл. 11 о сазиву редовног збора акционара, чл. 18 о конституисању Управног одбора, чл. 19 о састајању Управног одбора, чл. 25 о саставу Пословног одбора и чл. 33 о употреби штамбиља са државним грбом.

Позивају се акционари који желе учествовати на збору да своје привремене потврде депонују на благајни Друштва најдаље до 27 јуна 1946 године.

Према чл. 12 друштвених правила на збору може учествовати сваки акционар који депонује 10 акција.

Београд, 28 маја 1946 године

3193 2-3 Управни одбор

ПРВА ПОДУНАВСКА ПРЕДИОНИЦА ПАМУЧНОГ ПРЕДИВА И КОНЦА, А. Д. БЕОГРАД

Одржаће седми редовни збор акционара на дан **29 јуна 1946 године** у 16 часова по подне у друштвеним просторијама у Београду Теразије 39 са следећим дневним редом:

1) конституисање збора према правилима;

2) извештај Управног и Надзорног одбора са закључним рачунима за 1945 годину;

3) давање разрешнице Управном и Надзорном одбору за рад и рачуне биланса и губитка и добитка за 1945 годину;

4) избор потребног броја чланова за Управни и Надзорни одбор и

5) евентуалије.

Акционари који желе да учествују на збору имају да депонују акције закључно до 26 јуна 1946 године, у 13 часова на друштвеној благајни. Акционари ће уједно поднети и уверење надлежне власти да нису лишени активног и пасивног права гласа.

3155 2-3 Управа

ПРЕДУЗЕЋЕ „ОКВИР" А. Д. БЕОГРАД

Одржаће X редовни збор својих акционара на дан **26 јуна 1946 године** од 17 часова у просторијама предузећа у Краљице Наталије ул. бр. 94 са следећим дневним редом:

1) конституисање збора;

2) читање извештаја Управног и Надзорног одбора о друштвеном раду у 1945 години и примање биланса са рачуном губитка и добитка по спроведеној валоризацији;

3) давање разрешнице Управном и Надзорном одбору за рад и рачуне у 1945 години;

4) решавање по питањима и предлозима акционара ако су поднети у смислу члана 63 Закона о акционарским друштвима;

5) решавање по предлозима Управног одбора;

6) избор потребног броја чланова за Управни и Надзорни одбор.

Депоновање акција врши се на благајни предузећа сваког радног дана у канцелариско време на пет дана пред збор.

3154 2-3 Управа

ОКРУЖНА ИНДУСТРИЈСКА БАНКА А. Д. У ШАПЦУ

Одржаће I редован збор својих акционара на дан **7 јула 1946 године** у 10 часова пре подне у своме локалу, са дневним редом:

1) конституисање збора;

2) читање извештаја Управног и Надзорног одбора о раду у протеклој години;

3) давање разрешнице Управном и Надзорном одбору за рад и рачуне у протеклој години;

4) предлози Управе и појединих акционара, који су поднети у смислу чл. 18 правила;

5) избор чланова за Управни и Надзорни одбор по чл. 24 и 32 правила.

Депоновање акција за Збор врши се код Банке до 3 јула 1946 године закључно.

3143 3-3 Управа

ИНДУСТРИЈА ВУНЕНИХ ТКАНИНА ЛАЗАРА М. ТЕОКАРЕВИЋА

Индустрија вунених тканина Лазара М. Теокаревића у Вучју позива све своје дужнике и повериоце, да сва своја дуговања односно потраживања пријаве именованом предузећу у року од петнаест дана од дана објављивања овог огласа.

3170 2-3

МЕСАРСКА БАНКА А. Д., У БЕОГРАДУ

У смислу члана 56 Закона о акционарским друштвима и члана 47 банчиних правила, позива овим своје акционаре на 36 редовни годишњи збор, који ће се одржати на дан **24 јуна 1946 године** у 10 часова пре подне у банчином локалу, Зелени венац број 2 са следећим дневним редом:

1) избор деловође и три оверача записника, који су једновремено и бројачи гласова;

2) извештај Управног одбора о раду и валоризацији и подношење рачуна за 1945 годину;

3) извештај о раду Надзорног одбора у 1945 години;

4) одобравање биланса и валоризације и давање разрешнице Управном и Надзорном одбору;

5) избор чланова за Управни и Надзорни одбор;

6) предлози, који буду поднесени Управном одбору у смислу чл. 52 тачка ђ. банчиних правила, тј. на десет дана пре збора.

3153 2-3 Управа

ДУНАВ А. Д., ЗА ПРОМЕТ МАШИНА, МОТОРНИХ ВОЗИЛА И ТЕХНИЧКОГ МАТЕРИЈАЛА

Позива акционаре на своју VII редовну годишњу скупштину, која ће се одржати **23 јуна 1946 године** у 11 часова пре подне у друштвеним просторијама, Јанка Вукотића 17, по одобрењу Министарства трговине и снабдевања Србије бр. 32032, са истим дневним редом који је био објављен у „Службеном листу" бр. 25 од 26 марта 1946 године.

Акционари, који желе присуствовати овом збору, дужни су најдаље до 18 јуна 1946 године депоновати своје акције код Индустријске банке Југославије а.д. (Банкарско друштво а. д. у ликвидацији), Београд.

21 маја 1946 године
Београд

3159 2-3 Управни одбор

„СТАР" ФАБРИКА УЛТРАМАРИНА И БОЈА А. Д., У БЕОГРАДУ

Одржаће свој једанаести збор акционара на дан **22 јуна 1946 године** у 4 часа по подне у просторијама канцеларије Бора Ристић и Милошевић у Београду, Добрачина ул. бр. 2/I са следећим дневним редом:

1) бирање деловође и два бројача гласова који ће уједно бити и оверачи записника;

2) извештај Управног одбора са завршним рачунима за 1945 годину;

3) извештај Надзорног одбора;

4) давање разрешнице члановима Управног и Надзорног одбора за рад и рачуне у 1945 години;

5) избор чланова Управног и Надзорног одбора.

Акционари, који желе да присуствују овоме збору, дужни су да депонују своје потврде о депонованим акцијама на фабричној благајни најдаље до 17 јуна 1946 године.

3157 3-3 Управа

ТОПОЛСКА ЗАДРУГА ЗА ШТЕДЊУ И КРЕДИТ А. Д. У ТОПОЛИ

Одржаће своју 47 редовну годишњу скупштину акционара на дан 23 јуна 1946 године у 10 часова пре подне у банчином локалу у Тополи са следећим дневним редом:

1) избор деловође за вођење скупштинског записника и три акционара за бројање гласова и оверу записника;

2) подношење скупштини извештаја о раду и рачунима као и извршеној валоризацији у 1945 години;

3) давање разрешнице Управном и Надзорном одбору за рад и рачуне у 1945 години;

4) предлози појединих акционара ако их буде било и измена правила;

5) бирање три члана за Управни и два члана за Надзорни одбор.

У случају да се скупштина тога дана не би могла одржати има се друга обавити 30 јуна 1946 године у истом локалу и са истим дневним редом.

Ко жели на скупштини учествовати има се придржавати чл. 39 задружних правила.

3158 3-3 Управа

„ЖУПА" А. Д. ИНДУСТРИЈА ХЕМИСКИХ ПРОИЗВОДА, КРУШЕВАЦ

Одржаће на дан **30 јуна 1946 године** у 10 часова пре подне у друштвеној канцеларији у Београду, Васина улица бр. 5/I, свој VI редован збор акционара, са следећим дневним редом:

1) избор деловође збора и два члана за оверу записника и бројање гласова;

2) извештај Управног одбора о раду друштва у 1945 години и предлог о подели чисте добити;

3) извештај Надзорног одбора;

4) давање разрешнице Управном и Надзорном одбору;

5) избор Управног и Надзорног одбора;

6) питања и предлози.

Акционари који желе учествовати на овом збору дужни су депоновати акције најдаље на три дана пре збора у друштвеној канцеларији у Београду — Васина улица бр. 5/I.

3191 2-3 Управа

СРПСКА КРЕДИТНА БАНКА А. Д., БЕОГРАД

Одржаће у недељу **30 јуна 1946 године** у 10 часова пре подне у сопственим просторијама у Карађорђевој улици број 89/I у Београду свој 53 редовни збор акционара са овим дневним редом:

1) избор деловође и два акционара за бројање гласова који су уједно и оверачи записника;

2) извештај Управног одбора о раду и рачунима за 1945 годину;

3) извештај Надзорног одбора;

4) давање разрешнице Управном и Надзорном одбору за рад и рачуне у 1945 години;

5) решавање о употреби вишка разлике у вези са заменом новца;

6) евентуалије.

Акционари, који желе учествовати на овом збору имају на осам дана пре збора депоновати реверсе о депоновању акција на банчиној благајни Карађорђева улица број 89/I у Београду.

Приликом пријављивања за збор сваки акционар је дужан да поднесе и уверење надлежне власти да ужива активно и пасивно право гласа.

25 маја 1946 године Београд.

3173 2-3 Управа

„КОМПЕНЗА" ЈУГОСЛОВЕНСКО ТРГОВАЧКО А. Д. ИЗ БЕОГРАДА

Одржаће XII редован збор акционара 30 јуна 1946 године у 17 часова, у друштвеним просторијама, Обилићев венац 10/II, са дневним редом:

1) избор деловође и оверача записника;

2) извештај Управног и Надзорног одбора о раду у протеклој години;

3) давање разрешнице Управном и Надзорном одбору;

4) бирање Управног и Надзорног одбора; и

5) евентуалије.

Акционари који желе учествовати нека депонују акције код банке „Златибор" у Београду најдаље три дана пред збор.

3190 2-3 Управа

Член 13

Сопствениците односно од нив овластените лица должни се да ја доведат способната јавачка, теглечка и товарна стока и преносните средства на одредени места и во утврден срок. Ако сопственикот подлежуе на лична мобилизација, неговата стока и сточните преносни средства има да ги спроведе до одреденото место лице кое не подлежуе на мобилизација и тоа во прв ред од неговата фамилија или лице кое што тој за тоа го одреди или, ако овие ги нема, лице кое ке го одреди месниот односно градскиот народен одбор. Вака ке се постапи и при доведуењето велосипеди.

Автомобилите, тракторите и моторциклите ги доведуат на одредените места нивните шофери, односно мотористи.

При доведуењето стоката и преносните средства спроводникот треба да ја поднесе воената сточна односно колската исправа на оној воен орган кој што го врши приемот. Шоферите и мотористите сем тоа треба да располагаат и со лични исправи за право на возење автомобили, трактори односно моторцикли.

Член 14

Приемот на јавачката, теглечката и товарната стока и преносните средства, штом се нареди приправна состојба или мобилизација се врши комисиски. Во состав на овие комисии се најдуат воени лица и претставници на месните односно градските одбори.

Член 15

Прописите на овој закон се применуат и во случај на позив за доведуење на јавачките, теглечките и товарните стоки и преносните средства на воени вежби и маневри, а према наредбата на Министерот на народната одбрана.

Член 16

Се овластуе Врховниот командант да во приправната состојба и кога инаку приликите бараат да нареди доведуење во оружената сила дел или сите јавачки, теглечки и товарни стоки и преносни средства.

IV — Накнада за јавачката, теглечката и товарната стока и преносните средства

Член 17

Државата им плаќа во приправната, мобилната и воената состојба на сопствениците на применатa јавачката, теглечката и товарната стока и за преноства соодветна вредност во пари. Средните цени на стоката и преносните средства ги одредуе Министерот на народната одбрана во согласност со Министерот на поделството и Министерот на соопштенијата.

Исплатата за применатa стока и преносните средства по овој закон се врши на основа на признаниците издадени од страна приемните комисии.

Начинот, редот и срокот на исплатата ке ја регулира Министерот на финансиите на Федеративната Народна Република Југославија.

Државата им дава на сопствениците накнада за јавачката, теглечката и товарната стока и за преносните средства повикани на вежба. Исплатата на оваа накнада се врши на основа признаници издадени од воените единици. При тоа се исплатуе отштета за работа по средната дневна зарада на стоката и преносните средства се плаќаат по завршената вежба на сопствениците со посредство на месните односно градските народни одбори.

За случај на погинуење на стоката, повредуење на стоката поради што е намалена нејзината работна способност и вредност, како и во случај на онеспособуење или расипуење на преносните средства за време дури се навогаале на вежба или маневра, на сопствениците им се исплатуе соодветна награда во пари.

Височината на паричната накнада за употребување стоката и преносните средства како и за упропастуење, онеспособуење или расипуење за време на вежбата ја одредуе Министерот на народната одбрана во согласност со Министерот на поделството и Министерот на соопштенијата.

Начинот, редот и срокот на исплатуењето ке го регулира Министерот на финансиите.

V — Други одредби

Член 18

Лицата кои што не се придружуат на овој закон ке одговарат по воено-кривичните прописи.

Член 19

Поблиски одредби за извршуење на овој закон ке пропише Министерот на народната одбрана.

Член 20

Овој закон влегуе во сила осмиот ден по објавуењето во „Службениот лист на Федеративната Народна Република Југославија".

У. бр. 293
25 мај 1946 година
Белград

Президиум на Народната скупштина на Федеративната Народна Република Југославија

Секретар,
Миле Перуничиќ, с. р

Претседател,
др. Иван Рибар, с. р.

305.

На основа ставот 2 членот 80 Уставот на Федеративната Народна Република Југославија, по предлог на Министерот за надворешните работи донесуе

УРЕДБА
ЗА ДИПЛОМАТСКО ШКОЛО

Член 1

Се основа Дипломатско школо при Министерството на надворешните работи на ФНРЈ.

Член 2

Школуење во Дипломатското школо трае една година.

Слушателите на Дипломатското школо се должни пред влегуењето во школо да положат приемен испит, чија програма ја одредуе Министерот на надворешните работи.

Наставната програма и наставниот персонал го одредуе Министерот на надворешните работи.

Бројот на слушателите и условите за прием во Школото ги одредуе Министерот на надворешните работи, во согласност со Претседателот на Владата на ФНРЈ.

Член 3

Министерот на надворешните работи ке пропише поблиски одредби за извршуење оваа Уредба.

Член 4

Оваа Уредба влегуе во сила кога ке се објави во „Службениот лист на Федеративната Народна Република Југославија".

18 април 1946 година
Белград

Претседател на Владата на ФНРЈ
и Министер на народната одбрана,
Маршал на Југославија,
Јосип Броз-Тито, с. р.

Министер на надворешните работи,
Станоје Симиќ, с. р.

306.

На основа чл. 1 Законот за овластување на Владата на ФНРЈ за донесување уредби по прашањата од народното стопанство, Владата на ФНРЈ, на предлог на Министерот за трудот, донесува

У Р Е Д Б А

ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА СЛУЧАЈ НЕСРЕКЈА ВО РАБОТЕЊЕ НА ЛИЦА УПОСЛЕНИ НА ДОБРОВОЛНИ РАБОТИ ЗА ОБНОВУВАЊЕ ЗЕМЈАТА

Член 1

На лица, кои учествуат на доброволни работи за обновување земјата, Средишниот завод за социално осигурување ке им пружи во случај на несрекја во работата соодветни давања како на свои осигураници.

Член 2

Како основ за одмерување давањето од чл. 1 на оваа Уредба се зема прописаната средна заработувачка на неквалификован одрастен работник, а за лица кои вршат квалификовани работи прописаната средна заработувачка на квалификован работник.

Член 3

Трошковите за давање по оваа Уредба ке одат на терет на Фондот за обновување и помоќ на пострадалите краишта.

Поблиски одредби за начинот на накнадата на овие трошкови ке пропише Министерот на финансиите на ФНРЈ во споразум со Министерот на трудот на ФНРЈ.

Член 4

Поблиски одредби за спроведување на оваа Уредба ке пропише Министерот на трудот на ФНРЈ.

Член 5

Оваа Уредба влегува во сила кога ке се објави во „Службениот лист на Федеративната Народна Република Југославија".

25 мај 1946 година
Белград

Претседател на Владата на ФНРЈ
и Министер на народната одбрана,
Маршал на Југославија
Јосип Броз-Тито, с. р.

Министер на трудот,
Вицко Крстулович, с. р.

307.

Р Е Ш Е Њ Е

ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ЦАРИНА СТОКАТА УВОЗЕНА НА ИМЕ РЕПАРАЦИИ

Со одлуката на Меѓународната репарациона комисија е доделен, како накнада на штетата, извесен процент репарации на нашата држава, како на земја победница пострадала во војната со окупација на целата државна територија од страна непријателите.

Како веќе настапило време за увоз на стоката доделена на нашата држава на име репарации, имајќи ги во вид приликите создадени со војната како и за што побрза обнова на земјата, а на основа членот 13 Финансискиот закон за 1946 година

р е ш у а м:

Се ослободува од царина и сите дажбини, што се наплатуат при царинењето, стоката која што се увезува на име репарации.

Како доказ која стока се увезува на име репарации ке служи потврдата за увоз, која ја издава Репарационниот завод на Репарационата комисија при Владата на ФНРЈ или нашата делегација која се наоѓа при поедини репарациони комисии во иностранство.

Ова решење влегува во сила одма и ке се примени и на сета до сега увозувена на име репарации а дефинитивно уште неоцаринета стока.

Поблиски напатствија за извршување на ова Решење ке пропише Одделението на царините при Министерството за финансиите на ФНРЈ.

29 мај 1946 година
Белград

Министер на финансиите,
Сретен Жујович, с. р.

Споразумен сум са предното Решење,
Претседател на Стопанскиот совет,
А. Хебранг, с. р.

Го одобруам предното Решење,
Потпретседател на Владата на ФНРЈ
Е. Кардел, с. р.

308.

Р Е Ш Е Њ Е

ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ ОБВЕЗНИОТ ПРЕГЛЕД НА ПРВОСТЕПЕНИТЕ РЕШЕЊА ЗА РАЗРЕЗ НА ДАНОКОТ НА РАБОТНИОТ ПРОМЕТ

На основа точ. 10 чл. 36 Финансискиот закон за буџетска 1946 година

р е ш у а м:

Обвезниот преглед на првостепените решења за разрез данокот на работниот промет (на општиот, скупниот и данокот на луксуз) да го вршат финансиските одделења на окружните народните одбори. Во народните републики кои што немаат окрузи, овој преглед ке го вршат оние народни одбори кои што се надлежни за разрез данокот на правни лица.

Факултативна цензура на споменатите одлуки ја вршат, под услов од ст. 3 чл. 67 Законот за непосредните даноци, министерствата на народните републики односно финансиското одделење на автономната покраина.

III бр. 4940
27 мај 1946 година
Белград

Министер на финансиите,
Сретен Жујович, с. р.

309.

На основа чл. 32 Законот за уредување и работење кредитниот систем пропишуам

Н А Р Е Д Б А

ЗА КАМАТНИТЕ СТОПИ ПО АКТИВНИТЕ РАБОТИ НА СОЈУЗНИТЕ И ЗЕМСКИТЕ ДРЖАВНИ КРЕДИТНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Сојузните и земските државни кредитни претпријатија ке применуат на своите активни работи следни каматни стопи:

I. ЗА ОБРТЕН КАПИТАЛ

А. — Во поледелство

1) На државните стопански претпријатија 4%
2) На кооперациите за заедничко обработување земјиштето — — — — — — — 4%
3) На останатото поледелско производувачко задругарство според врстата на производството — — — — — — — — 4—5%
4) Други полоделски кредити — — — — 5%

Б. — Во рударство и топионичарство

1) На јаглењокопите — — — — — — — 5½%
2) На рудниците од метални руди — — — 3½%
3) На рудниците од неметали — — — — 4½%
4) На претпријатијата што ги експлоатираат изворите на нафта, рударски солани или земен плин — — — — — — 5½%
5) На поморските солани — — — — — — 3½%
6) На железара — — — — — — — — — 4½%
7) На останатите металургиски претпријатија:
а) што работат за извоз — — — — — 3½%
б) што работат за потрошувачка во земјата — — — — — — — — — 4½%

В. — Во индустрија

1) На текстилна и кожна индустрија — — 5½%
2) На хемиска индустрија:
а) на творниците за кибрит — — — — 5½%
б) на другата — — — — — — — — — 4½%
3) На металната индустрија — — — — — 3½%
4) На електричната индустрија:
а) на електричните централи — — — — 3½%
б) на другата — — — — — — — — — 4½%
5) На прехранителната индустрија:
а) на мелниците — — — — — — — 5½%
б) на другата — — — — — — — — — 4½%
6) На дрвата и градежна индустрија:
а) хемиска преработувачка на дрвото — 4½%
б) за тврдо дрво — — — — — — — 3½%
в) за меко дрво — — — — — — — — 5½%

Г. — Во занаетчиство

1) На кооперациите — — — — — — — — 5%
2) Индивидуални кредити на занаетчиите — 6%

Д. — Во трговија

1) Увоз и извоз:
а) сиот осем нафтата и нафтините деривати — — — — — — — — — 4%
б) нафта и нафтините деривати — — — 5%
2) Внатрешен промет:
а) пресни овошгија — — — — — — — 6%
б) преработување овоштијата — — — — 5%
в) житарице — — — — — — — — — 5%
г) пресни и изработени кожи — — — — 6%
д) текстилни сировини — — — — — — 4%
ѓ) алишта — — — — — — — — — — 5%
е) нафта и нафтени деривати — — — — 5%
ж) други хемиски производи — — — — 6%
з) железарски производи — — — — — 5%
и) отпадоци — — — — — — — — — 6%
ј) артикли за подмирување катадневните потреби (на пр. На-ма, Трговромет) — — — — — — — — — — 6%
к) снабдување пасивните краишта — — 4%
л) набавувачко-потрошувачките кооперации — — — — — — — — — — 5%

Гј. — На Кредитните установи — — 4%

II. ЗА ИНВЕСТИЦИИ (ДОЛГОРОЧНИ ЗАЈМОВИ)

1) Од средствата на Фондот за обнова земјата и помош на пострадалите краишта, според намената — — — — — — 2—3%
2) Други зајмови:
а) жилишни, комунални, индустриски — 4—6%
б) други — — — — — — — — — — 5—6%

Државните кредитни претпријатија ке ги сметаат **каматите** по горните стопи на своите комитенти, без оглед на това да ли се работи за државни, секвестрирани или приватни претпријатија.

Секое прекршување на оваа Наредба ке биде казнето.

VII бр. 8250
15 мај 1946 година
Белград

Министер на финансиите,
Сретен Жујович, с. р.

310.

На основа чл. 5 Уредбата за финансиските олеснувања за подигање нови, довршување започнати и поправање оштетени жилишни згради го пропишуам следното

НАПАТСТВИЕ

ЗА ИЗВРШУЕЊЕ УРЕДБАТА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ОЛЕСНУЕЊА ЗА ПОДИГАЊЕ НОВИ, ДОВРШУЕЊЕ ЗАПОЧНАТИ И ПОПРАВАЊЕ ОШТЕТЕНИ ЖИЛИШНИ ЗГРАДИ

Член 1

1) Под жилишни згради во смисла Уредбата за финансиските олеснувања за подигање нови, довршување започнати и поправање оштетените жилишни згради се подразбираат оние грађевини кои по својата градежна конструкција се подигнати да служат за становање, макар да се употребуеле и за локали или канцеларии. Спрема тоа, вамо не идат оние згради кои по својата градежна конструкција се подигнати да служат како фабрички, индустриски, рударски, како работилници, магацини и сл.

2) Ако зградите или нивните делови, за кои на даночниот обвезник му се доделуат олеснувања по Уредбата, по волјата на даночниот обвезник ке започнат да се употребуат за други цели а не за цели на основа кои е признато правото на олеснување, престанува правото на даночниот обвезник на олеснувањата од денот од кога ке престанат условите на основа на кои што олеснувањата се доделени. Даночниот обвезник е должен да го пријави тоа во срок од 15 дена во смисла чл. 4 на Законот за непосредните даноци. Но не го губат своjството на жилишни згради оние згради кои се подигнати како жилишни, па по наредување на властта ке се употребат за други цели.

3) Чистиот приход од жилишните згради кои после војната (после 9 мај 1945 г.) се подигнати или ке бидат подигнати не влегуе во даночната основица за разрез на данокот на доходок по Законот за непосредните даноци. Како нови згради се сметаат згради кои што се подигнати од темел или на темелите од урнатите згради и простории кои што се дозидани или назидани на постоекјата зграда. Исто така нема да се внесуе во даночната основица ни чистиот приход од оние згради чието подигање започнало пред војната или во текот на војната, а довршено после војната. Ке се смета оти е зградата после војната довршена и да обвезникот има право на олеснување по чл. 1 Уредбата ако преку 50% од вкупните работи на нејзиното подигање е извршено после војната. Ако е до 50% на вкупните работи на подигање на порано започнатите згради извршено после војната, олеснувањето се доделуе по чл. 2 Уредбата

4) Чистиот приход од жилишните згради кои биле преку 50% оштетени во текот на војната или поради елементарни непогоди после војната, а кои после војната во целост се поправени или ке бидат поправени такугјере не се внесуе во даночната основица. Во противно, т. е. ако е извршено само делимично поправање на зградата, повластица ке се признае по чл. 2 Уредбата.

На пример: половина на зградата е потполно (100%) урната (изгорела), што спрема целата зграда изнесуе 60%, а другата половина е оштетена со 20%, што спрема целата зграда изнесуе 10%. Значи оти целата зграда е оштетена со 60% (100+20=120:2=60). Кај поправањето на оваа зграда може да се има:

а) потполно поправање, со довеduењето зградата во првобитната состојба (подигнат е порушениот дел и поправен оштетениот дел). — Олеснуење по чл. 1 Уредбата;

б) делимично обновуење на урнатиот дел (подигнато е само 75%, т. е. 3/4 на порушениот дел на зградата што спрема целата зграда изнесуе 37,5%) и поправка на неурнатеот дел на зградата (што спрема целата зграда изнесуе 10%). Демек, поправено е 47,5% од целата зграда). — Олеснуење по чл. 2 Уредбата;

в) потполна поправка само на неурнатиот дел на зградата (што спрема целата зграда изнесуе 10%). — Олеснуење по чл. 2 Уредбата.

5) Височината на оштекјењето односно довршуењето на порано започнатата зграда ја ценат органите кои се надлежни за издавање дозволи за подигање зграда.

6) Олеснуењата по чл. 1 Уредбата важат за 20 години од денот на почетокот на употребата на целата подигната, довршена или поправена зграда. Ако не е едновремено отпочната употребата на целата зграда, туку со употребата на некои простории се започнало пред потполното подигање, довршуење или поправање на целата зграда, олеснуењето ке се додели од денот на започнуењето употребата односно од денот на оспособуењето за употреба на целата зграда. На приходи до тој ден има да се плати данок. Но доколку се врши поправање само на еден дел на оштетена зграда, право на олеснуење по чл. 2 Уредбата ке се додели од денот на довршуењето на поправката односно од денот почетокот на употребуењето на тој дел од зградата.

7) Ако подигнатите, довршените или поправените жилишни згради деломично му служат на власникот и како работни простории (дукјани, канцеларии) за вршење стопанска дејност или самостојно занимавање, и за нив, исклучително од прописот на чл. 32 Законот за непосредните даноци, ке се утврди износот на чистиот приход спрема закупнината која би можела да се добие кога тие простории би биле издадени под закуп. Така утврдениот чист приход нема да се внесуе во даночната основица на данокот на доходок, туку ке се признае како одбиток од останатиот приход на даночниот обвезник.

Член 2

1) Ако жилишните згради биле оштетени под 50%, односно ако пред свршетокот на војната биле подигнати преку 50%, тогај сите трошкови што се направени за нивната поправка односно за довршуењето ке се признаат како одбиток од чистиот приход од целата зграда. Во овој случај, при утврдуењето на чистиот приход од поправениот односно довршениот дел на зградата по Законот за непосредните даноци нема да се признат трошкови на амортизација на тој дел на зградата.

2) Ако трошковите за поправка односно за довршуење зградата не се поголеми од износот на чистиот приход за година дена (12 месеци), истите ке се одбиат од чистиот приход на зградата во текот од 5 години, сметајќи годишно по 20% од сумата на трошковите. Ако пак трошковите за оправка односно за довршуење зградата се поголеми од еднодишниот износ на чистиот приход од зградата, одбитокот на овие трошкови ке се врши во текот од 10 години сметајќи годишно по 10% од сумата на трошковите. Како годишен чист приход се зема чистиот приход во моментот на довршуењето односно поправката на зградата, пресметан во сообветен износ за 12 месеци.

На пример: трошковите за поправка на зградата изнесуат 25.000.— д. Годишниот чист приход од целата зграда изнесуе 30.000.— д. Отписот на трошковите ке се изврши во текот од 10 години годишно по 4.000.— д.

3) Ако оправката на жилишната зграда е извршена со сопствени средства, евентуално засметаните камати на тие средства не се признаваат во трошкови за поправка (точ. 4 чл. 34 Законот и Правилникот за непосредните даноци). Но ако поправката е извршена со позајмени (тугји) средства, во трошковите влегуат и платените камати на позајмените средства. Затова во овој случај ке се признава како годишен одбиток од чистиот приход сумата на платениот ануитет (кој што ја содржи отплатата на главничниот долг и каматата). Ако во една година се отплатат ануитети за повекје години, сите ке се признаат како одбиток од чистиот приход за годината во која што се платени.

4) Ако поправените односно довршените згради деломично служат на власникот и како работни простории (дукјани, канцеларии) за вршење стопанска дејност или самостојно занимавање, и за нив, со исклучение од прописите на чл. 32 Законот за непосредните даноци, ке се утврди износ на чистиот приход спрема закупнината која што би можела да се добие кога тие простории би биле издадени под закуп. Така утврдениот чист приход нема да се внесуе во даночната основица за данокот на доходок, туку ке се одбие од чистиот приход од зградата, кој што се внесуе во даночната основица. Евентуалната разлика на неотпишаната сума на трошковите ке се отпише од чистиот приход од стопанската дејност или самостојното занимавање, со това да не смее да ја преѓе височината на предниот начин на утврдениот чист приход од дотичните работни простории.

На пример: трошковите за оправка на зградата износуат 60.000.— д. Годишниот чист приход од делот на зградата што се внесуе во даночната основица изнесуе 24.000.— д. а отценетиот чист приход од локалите 12.000.—д. Годишниот отпис на трошковите од 6.000.— д. ке се врши на терет чистиот приход од 24.000.— д., Ако пак трошковите на оправката изнеле 100.000.— д., годишниот чист приход од делот на зградата што се внесуе во даночната основица изнесуе 7.000.— д., а чистиот приход од локалите 28.000 — д., тогај годишниот отпис на трошковите од 10.000.— д., ке се врши: 7.000.— д., од приходот од зградата и 3.000.— д. од стопанската дејност.

5) Се додека трошковите за поправка односно довршуење на зградата по чл. 2 Уредбата се одбиваат од чистиот приход од зградата, не може по Законот за непосредните даноци да се врши отпис на име амортизација на поправениот односно довршениот дел на зградата, оти истиот се амортизуе со одбивање трошковите од чистиот приход.

6) Ако поправката односно довршуењето на зградата е извршено со позајмени средства, во ануитетот, кој што се одбива од чистиот приход, е содржана и каматата на тие средства. Според това посебно засметаните камати на позајмените средства не можат да се признаваат како режија при утврдуење чистиот приход од оправениот односно довршениот дел на зградата.

7) Ако годишната сума на одбитокот на трошковите би била поголема од сумата на чистиот приход од зградата односно од делот на зградата во кој се врши стопанска дејност или самостојно занимавање, разликата ке се признае како одбиток во следната година. На тој начин ке се врши одбивање на трошковите се додека истите во потполност не се амортизуат, макар заради това ова одбивање да трае и подолго од 5 односно од 10 години.

Член 3

1) За даночен обвезник во смисла Уредбата се смета кукјевласник односно плодоуживател и во

оној случај кога довршување или оправка на зградата или нејниот дел го извршило некое друго лице со право на користење довршените или поправените простории. Според това, лицето што ја довршило или поправило зградата со право на нејзиното користење не се смета за даночен обвезник нити неговото користење на довршената или оправената зграда влијае на неговата даночна обврска по другите извори на приходот.

2) Ако подигањето, довршувањето или поправката на зградата е извршена во времето од ослободувањето (9 мај 1945) до влегување во сила на Уредбата (8 мај 1946), даночниот обвезник, кој сака да се користи со повластиците по Уредбата, е должен најдалеку во срок од 30 дена од денот на влегувањето Уредбата во сила, т. е. до 6 јуни да поднесе податоци и докази за исполнување условите за користење повластиците. За згради кои ќе бидат подигнати, довршени или оправени после 8 мај 1946, е должен обвезникот во срок од 30 дена од денот на довршувањето или поправката на зградата да поднесе податоци и докази за исполнување условите за повластиците. Овие срокови можат да се пречекорат, без последици, најмногу до 15 дена ако пречекорувањето се оправда со особито важни разлози едновремено со поднесениот предмет (чл. 7 Законот за непосредните даноци).

3) Како податоци и докази за признавање на олеснувања треба да се поднесат:

а) кај новите згради: (1) докази да е зградата подигната од темел, на темелот на урнатата зграда, покрај постоечката зграда, или е назидана на постоечката зграда; (2) докази за денот на довршувањето на зградата и (3) докази за денот на почетокот за употреба на зградата;

б) кај довршените згради: (1) докази за височината на вкупните работи на довршувањето зградата после војната според вкупните работи на нејзиното подигнување (до 50% или преку 50%); (2) докази за височината на после војната направените трошкови на довршувањето на зградата; (3) докази за денот на довршувањето зградата и (4) докази за денот на почетокот употребата на довршениот дел на зградата;

в) кај оштетените згради: (1) докази за височината на оштетувањето на зградата, изразено во проценти; (2) докази за височината на после војната направените трошкови на поправка зградата; (3) докази за денот на довршувањето поправката и (4) докази за денот на почетокот на употреба оправената зграда односно нејзиниот дел.

4) Молбата за олеснување со потребни документи се поднесува на околискиот (градскиот, реонскиот) народен одбор на чија територија се наоѓа зградата. Предлог за решење дава финансискиот отсек (даночниот оддел) на дотичниот околиски народен одбор, а решението го донесува извршниот одбор на тој народен одбор. Против решението на извршниот одбор од околискиот народен одбор може да се поднесе жалба во срок од 30 [illegible] на надлежниот извршни одбор на окружниот [illegible]ден одбор (чл. 65 Законот за непосредните даноци).

Член 4

Доколку ќе се исполнат условите и на даночниот обевзник ќе се признае право на олеснување по уредбата тие олеснувања ќе се признаат и при разрезот на данокот за 1945 г. доколку постои даночна обврска за оваа година.

Член 5

Ова Напатствие влегува во сила кога ќе се објави во „Службениот лист на Федеративната Народна Република Југославија", а ќе се применува од денот од кога ќе се применува Уредбата.

III бр. 5110
30 мај 1946 година

Министер на финансиите,
Сретен Жујовиќ, с. р.

311.

На основа членот 7 Уредбата за откуп на житариците во економската 1946/1947 година („Службен лист на ФНРЈ" бр. 35/46) а во согласност со Министерот на поледелството на ФНРЈ, издавам

НАПАТСТВИЕ Бр. 2

ЗА ИЗВРШУЕЊЕ УРЕДБАТА ЗА ОТКУП НА ЖИТАРИЦИТЕ ВО ЕКОНОМСКАТА 1946/1947 ГОДИНА

1) Во цел на правилно извршување на сите задатоци предвидени со Уредбата за откуп на житариците во економската 1946/1947 година и со напатствијата издадени на основа на неа, при месните, околиските и окружните народни одбори ќе се образуваат комисии за откуп на житариците кои што ќе ги сочинуваат претседателот или секретарот на односниот народен одбор и по еден претставник на народните организации, потоа, воколку постоат, повереници на народниот одбор за поледелство и трговија и снабдување, службеник на одборот кој раководи со статистичката служба како и по еден претставник на поледелско-машинската служба, и на овластеното откупно претпријатие за жито, доколку ги има во средиштето на односниот народен одбор.

Должноста на овие комисии е да на народните одбори им помогнуваат при спроведувањето контрола и сите мерки околу утврдување вишкови, како и за нивно брго и правилно присобирање.

2) Поледелско-машинските станици ќе извршат попис на сите вршалици, и ќе се грижат: на време да ги оспособат за работа, а оние што се оспособени да ги регистрират, да ги обезбедат со потребен погонски материал и да изработат план на вршидбата со распоред за работа на секоја вршалица. Оние раководат со вршењето во технички поглед според изработениот план а во соработувачка со комисиите за откуп на житарици наведени во точката 1.

Во местата дека не постоат државни поледелско-машински станици, или дека оние за означената работа не се оспособени, што ќе цени Министерството на поледелството на односната народна република, задатоците од претходниот став се поверуваат непосредно на окружните и околиските народни одбори во соработувачка со поледелско-машинската служба.

Вршалиците кои не се регистрирани ќе се мобилисаат за работа спрема прописите на Законот за државната поледелско-машинска служба и Наредбата на Стопанскиот совет за организација на државните поледелско-машински станици.

3) Со цел на контролата над работата на вршалиците, како и установувањето количината на уемот од вршалиците и овршените количини, околиските народни одбори ќе постават за секоја вршалица потребен број повереници.

Министрите за трговијата и снабдувањето на народните републики ќе ја пропишат височината на наградата за повереницте од кредити одобрени за таа цел.

4) Власниците односно раководителите на вршалиците должни се да водат книги спрема обрасците кои ќе ги пропише Министерството за трговијата и снабдувањето на ФНРЈ, и тоа:

а) контролна книга со една копија која се доставува на месниот народен одбор најдоцна следниот ден, а првиот лист остануе во книгата која ја чува власникот на вршалицата;

б) книга за пресметки на овршеното жито со две копии, од кои една му се предава на власникот на овршеното жито, другата се доставува на месниот народен одбор најдоцна следниот ден, а првиот лист остануе во книгата која ја чува власникот на вршалицата;

в) книга на неделни извештаи со две копии од кои едната се доставува на месниот народен одбор а

другата на откупната станица на овластеното претпријатие за откуп житото, и тоа првиот ден по истекот неделата за која се однесуат податоците, а првиот лист остануе во книгата која ја чува власникот на вршалицата.

За уредно и точно водење на горе наведените книги одговорни се како власникот на вршалицата така и повереникот.

5) Житото, кое што стручната комисија за одбирање семето со свое уверење го одбрала и го блокирала како семенска стока, мора да се врши одвоено по сорти, водејќи сметка за тоа да не би се измешале сортите меѓусебе, како ни со другата стока. Сопственикот на семенската стока ќе му поднесе на раководителот на вршидбата, пред започнувањето на вршидбата, уверење на споменатата комисија. Во пресметката за овршеното жито ќе се означи во рубриката „Забелешка" оти е житото одбрано и блокирано за семе како и неговата сорта означена во уверењето.

За правилно ракување со семенската стока при вршењето одговорни се покрај сопственикот на житото и раководителот на вршидбата и повереникот од точка 3 на ова Напатствие.

6) Месниот народен одбор ќе составуе, на основа неделните извештаи од точката 4 под в), неделни прегледи за своето подрачје со исти податоци, па еден примерок на тој преглед ќе го доставуе на околискиот народен одбор, а другиот на откупната станица на овластеното претпријатие за откуп житото, и тоа во срок од два дена по истекот на неделата.

7) Околиските народни одбори ќе составуат, на основа неделните извештаи од месните народни одбори, неделни прегледи за своето подрачје па по еден примерок ќе го испраќаат најбрго на надлежниот окружни народен одбор, на министерството за трговијата и снабдуењето на народната република — одделение за откуп, на статистичкиот уред на народната република и на овластеното претпријатие за откуп житото

8) Министерствата за трговијата и снабдуењето на народните републики ќе составуат, на основа извештаите од околиските народни одбори, неделни прегледи по окрузи како и за целото подрачје на народната република и најбрго ќе ги доставуат на Министерството за трговијата и снабдуењето на ФНРЈ.

9) Министерствата за трговијата и снабдуењето и министерствата за поледелството на народните републики должни се секое во својот делокруг: благовремено да им стават на располагање на народните одбори потребните количини на погонски материал за работењс на вршалиците, да извршат координација на плановите за вршидбата помегју подрачјата на поедини народни одбори и да вршат контрола над извршуењето на планот.

10) Министерствата за трговијата и снабдуењето на народните републики должни се, да во најкус срок, отштампаат и да им ги достават на околиските народни одбори книгите означени во точката 4 на ова Напатствие, према обрасците прописани од страна на Министерството за трговијата и снабдуењето на ФНРЈ.

11) Ова Напатствие влегуе во сила со денот на обнародуењето во „Службениот лист на Федеративната Народна Република Југославија".

Бр. 44262
29 мај 1946 година
Белград

Министер на трговијата и снабдуењето,
др. **Заим Шарац**, с. р.

Министер на поледеството и шумарството,
др. **Васо Чубрилович**, с. р.

ИСПРАВКИ

Во текстот на Општиот закон за народните одбори објавен во „Службениот лист на ФНРЈ" бр. 43 од 28 мај 1946 година треба да се исправат следните грешки:

во вториот став чл. 9, на првата реченица, на место зборот „област" треба да се стави „области";

во вториот став чл. 28 под гі) точ. 3) на место зборовите „извршуењето на месниот буџет" треба да се стави „извршуењето на месните буџети";

насловот над чл. 55 треба да гласи

В. Извршни одбори

и да биде испишан со исти букви како насловите на одделите над чл. 32 и 35.

Од Президиумот на Народната скупштина на ФНРЈ, 31 мај 1946 година.

Во „Службениот лист на ФНРЈ" од 24 мај 1946 год. бр. 42 на страна 458—464 под 282 е обнародуена Наредбата на Министерот за финансии на ФНРЈ VII бр. 8270 од 15 мај 1946 година.

Во споменатата Наредба под IV-1-б стои „(плаќја ползуачот)", а треба „(плаќја ползуачот доколку не е инаку договорено)", под XV-2 последниот ред стои „ — — — од кредитот", а треба „— — — од износот на кредитот".

VII бр. 9345. — Од Банковното одделење на Министерството за финансии на ФНРЈ, 19 мај 1946 година.

СОДРЖАЈ:

Страна

302. Закон за општодржавен стопански план и државните органи за планирање — — 517
303. Закон за заштита авторското право — — 519
304. Закон за пополнуење оружената сила на Федеративната Народна Република Југославија со јавачка, теглечка и товарна стока и преносни средства — — — — 522
305. Уредба за Дипломатско школо — — — 523
306. Уредба за осигуруење на случај несрекја во работење на лица упослени на доброволни работи за обновуење земјата — — 524
307. Решење за ослободуење од царина стоката увозена на име репарации — — — 524
308. Решење за начинот на вршење обвезниот преглед на првостепените решења за разрез на данокот на работниот промет — 524
309. Наредба за камагните стопи по активните работи на сојузните и земските државни кредитни претпријатија — — — — — 524
310. Напатствие за извршуење Уредбата за финансиските олеснуења за подигање нови, довршуење започнати и поправање оштетени жилишни згради — — — — 525
311. Напатствие бр. 2 за извршуење Уредбата за откуп на житариците во економската 1946/1947 година — — — — — — — — 527

Издавач: Редакцијата на „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија" — Белград, Бранкова 20. — Директор и одговорен уредник Слободан М. Нешовиќ, Мајке Јевросиме 20. — Штампа на Државна штампарница, Белград